


Овогодишниот седми по ред Балкански поетски камп за млади „Ванчо Николески“ се одржа во Охрид, Лескоец, Лерин, Глобочани, Пустец и Црвена Вода под мотото „Симболично обединување на Вардар, Пирин, Егеј и Мала Преспа“.

Учесници беа млади поети од  Србија, Турција, Албанија, Грција и Македонија, кои во рамките на воспоставената традиционална соработка, имаа можност да ги следат манифестациите на Струшките вечери на поезијата и да се сретнат со претседателката на Република Македонија Гордана Силјановска – Дафкова. Исто така, тие заедно положија цвеќе на вечното почивалиште на Ванчо Николески во Охрид, а во селото Црвена Вода ги посетија родната куќа на Ванчо Николески и Спомен-собата во училишната зграда.

Инаку, во организација на Друштвото за култура и литература “Мацково”, од Охрид, на чело со Веле Митановски, на 22 август напладне, во ЦОУ “Ванчо Николески”, во Лескоец, Охрид, започна традиционалната манифестација – Балкански поетски камп за млади “Ванчо Николески”.

Професорите и учениците, по традиција, подготвија културно - уметничка програма за своите драги гости, годинешните учесници од Србија, Турција, Албанија, Грција и

Македонија, на кои им пеа дадени книги и речниците *“Ајде да учиме македонски, англиски и француски“, “Ајде да учиме македонски, англиски и германски“* и *“Ајде да учиме македонски, англиски и турски“ од авторот на овие едови, Славе Катин. Потоа,* заедно, во Алејата на заслужните на “Градските гробишта” во Охрид,  положија цвеќе на вечното почивалиште на Ванчо Николески.

Во продолжение на манифестацијата, традиционалниот прием во општината Охрид, инаку, финансиски покровител и поддржувач на манифестацијата, им го приреди претседателот на Советот на општинста, професор Стевчо Божиноски.

Потоа, Балканскиот поетски камп за млади „Ванчо Николески“  од Охрид и од родното место на Николески, Црвена Вода, се пресели во Лерин, Егејска Македонија, каде гостите беа топло пречекани од македонските активисти, познати личности и борци за човекови права на Македонците од Беломорска Македонија: Крсте Ашлаков (Ставрос Анастасиадис), Пеце Димчев (Петрос Димтсис) и Павле (Павлос Васкопулос Филипов), кои ги запознаа гостите од Србија, Турција, Албанија и Македонија со положбата и иднината на Македонците во Грција.

Потоа, патувањето го продолжија кон с. Глобочани Р. Албанија во спомен музејот посветен на албанскииот писател, со македонско потекло, Стеријо Спасе, познат литературен деец од Албанија, со македонско етничко потекло, каде што беа пречекани од познатиот борец за македонските права во Албанија, Васил Стерјовски. Исто така учесниците беа гости и на своите врсници од училиштето во Пустец.

Последниот ден на Балканскиот поетски камп за млади „Ванчо Николески“ учесниците беа гости на мештаните од Црвена Вода, каде им се приреди закуска со селски специјалитети, потоа ја разгледаа “Спомен собата” на Ванчо Николески, а пред неговата родна куќа им се доделија Повелбите за учеството.

Годинава, гости на манифестацијата беа Македонци кои живеат во Австралија, а кои, исто така, го слават името и делото на Ванчо Николески, предводени од познатиот македонски активист, Наум Трајчески, поет и претседател на Македонското Литературното друштво “Ванчо Николески” од Квинбијан.

